Дневни биптени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

2025

Извадок на ден од дневни настани 18.02.2025

На 17.02.2025, со судска наредба, полициски службеници од надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево и Полициското одделение Осломеј извршиле претрес во домовите на И.Ц.(30) и Р.Ч.(22), двајата од кичевското село Црвенци. При претресот, во куќата на И.Ц. биле пронајдени и одземени пиштол „Екол Фират Компакт" и рамка за пиштолот. Додека, при претрес во домот на Р.Ч. бил пронајден и одземен ловечки карабин. Лицата биле лишени од слобода и по целосно расчистување и документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 18.02.2025 во 09.35 часот во с.Отушиште, тетовско, полициски службеници од Полициското одделение Тетиме го лишиле од слобода А.Б.(22) од с.Отушиште. Тој се сомничи дека на 16.02.2025 околу 00.10 часот пред спортска обложувалница на улица ,,Маршал Тито" во Тетово физички го нападнал Н.К.(56) од Тетово и му одзел пари и два мобилни телефони. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.02.2025 во 20.00 часот на ул.„Никола Карев" во Охрид, полициски службеници одСВР Охрид го лишиле од слобода Ш.Р.(38) од Дебар. Тој бил затекнат при обид да одземе велосипед пред влез во зграда на истата улица. По целосно расчистување и документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.02.2025 во 20.45 часот на ул.„Горги Наумов" во Битола, полициски службеници од СВР Битола ги лишиле од слобода Л.Д.(19) и Б.Б.(19), двајата од Битола, затоа што при преглед кај нив, кај Л.Д. биле пронајдени и одземени марихуана, дробилка, и семки од канабис. По документирање на настанот, ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2025 во 08.30 часот во Струмица, полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода А.А.(34) од Струмица. Тој се сомничи дека околу 05.00 часот предизвикал пожар на две возила, паркирани во кругот на Општа болница Струмица. Пожарот бил изгаснат, а повредени лица нема. Тој бил задржан во Полициската станица Струмица и за настанот бил запознаен јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Струмица. Увид на местото извршила екипа на СВР Струмица.

На 17.02.2025 во 18.45 часот, полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода С.О.(24) од село Гошинце и А.О. (23) од Куманово затоа што при преглед кај нив била пронајдена марихуана. Тие биле приведени во полициска станица и по целосно документирање на случајот против нив ќе следуваат соодветни пријави.

Денеска (18.02.2025) во 00.15 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје ја лишиле од слобода С.О.(31) од Битола затоа што кај неа била пронајдена и одземена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2025 во 22.50 часот на Средно Водно, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.С.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2025 во 22.15 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Ч.Д.(33) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2025 во 15.10 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода З.Д.(38) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2025 во 19.40 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Т.Д.(23) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2025 во 11.00 часот на улица „Струшка" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево го лишиле од слобода М.М.(27) од Кичево, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување казна затвор за сторено кривично дело „тешка кражба" по член 236 од Кривичниот законик. Тој бил пренесен во Казнено - поправната установа Затвор Битола за издржување на казната.

Денеска (18.02.2025) во 00.15 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од СВР Скопје го привеле Ј.Ј.(19) од Скопје затоа што кај него бил пронајден и одземен нож. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (18.02.2025) во 00.05 часот во СВР Скопје било пријавено дека на регионалниот пат Скопје - Куманово се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од М.Б.(20) од с.Орланци, скопско и патничко возило „фолксваген венто" со скопски регистарски ознаки управувано од А.М.(22) од с.Арачиново, скопско. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобили возачот М.Б., а со телесни повреди се здобиле неговиот малолетен сопатник, возачот А.М. и неговиот сопатник Ф.Б.(30) од с.Арачиново, конзумирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Денеска (18.02.2025) во 03.00 часот на Граничниот премин Табановце, на излез од државата, полициски службеници ја лишиле од слобода Т.О.(37) од Гостивар, затоа што при извршена пасошка контрола и проверка во оперативната евиденција било констатирано дека патничкото возило „лежо" со српски национални ознаки, кое го управувала, било предмет на потрага од Интерпол-Р.Србија, односно пријавено е дека било одземено. Таа била задржана во Полициската станица Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2025 во 10.35 часот во СВР Битола, И.Ј.(32) од Битола пријавил дека на бул.„1 Мај" во Битола бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2025 во 12.51 часот во ОВР Прилеп, Н.Ч.(26) од Прилеп пријавил дека во Прилеп, неговиот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2025 во 09.35 часот во СВР Битола, А.З.(58) од Битола пријавил дека на ул. „Партизанска" во Битола, неговата малолетна ќерка била касната од куче скитник.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди при Министерството за внатрешни работи, до Основното јавно обвинителство Битола, поднесе кривична пријава против U.P. од Битола - вработен во Одделение за заеднички работи во СВР Битола, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „загрозување на сигурноста" по член 144 став 4 од Кривичниот законик. На 05.01.2025 околу 02.30 часот во ноќен клуб во Битола, пријавениот агресивно се однесувал и се заканувал на едно лице, а при интервенцијата на лица од обезбедувањето, тој се однесувал агресивно и кон нив. Откако бил отстранет од објектот, исто така, продолжил со агресивното однесување. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ќе поднесе предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност и ќе изрече задолжителна мерка лицето да биде суспендирано од работното место до завршување на дисциплинската постапка.

На 18.02.2025 во 04:30 часот во Неготино, полициски службеници од ОВР Неготино ги лишиле од слобода С. А(45) и С. Д.(35), двајата од Радовиш. Тие се сомничат дека околу 03.30 часот се обиделе да извршат „тешка кражба" во куќа во Неготино, а откако биле забележани од сопственикот со патничко возило „бмв" со радовишки ознаки го напуштиле местото. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.Н.(32) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед во возило „ауди" во кое се превезувал, пријавениот проголтал пакување со кокаин, по што полициски службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, го лишиле од слобода и бил пренесен во Општата болница во Охрид.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против К.В.(37) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед во патничкокозило „шкода" со охридски регистарски ознаки, кое го управувал, се обидел да исфрли пакување со кокаин, кое било одземено, а лицето било лишено од слобода.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против В.К.(41), Ј.М.(31) и С.К.(28), сите од охридското село Велгошти, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". При преглед во патничко возило „киа" во кое се превезувале, полициските службеници од Одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, пронајдоа и одземоа марихуана.

Денеска (18.02.2025) во 03.20 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Горче Петров, по претходно нарушени меѓусебни односи, Т.М.(43) бил физички нападнат од Љ.Ф.А.(25), двајата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2025 во 23.50 часот во СВР Скопје било пријавено дека на подрачјето на Центар, по претходно недоразбирање околу паркинг место, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.Ш.(43) и Љ.Н.(59), двајата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2025 во 12.57 часот во СВР Скопје било пријавено дека околу 09.00 часот на воениот отпад на подрачјето на Ѓорче Петров, по претходно меѓусебно недоразбирање и нетрпение, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу војниците Ј.Ј. (43) од с.Кондово, скопско и С.С.(41) од с.Матка, скопско. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 17.02.2025 во 23.15 часот во Штип, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода В.С.(38) од струмичко, со престој во Штип, постапувајќи по претходна пријава дека физички го нападнал неговиот 21 - годишен син. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 17.02.2025 во 13.00 часот во Полициската станица Гази Баба, Д.У.(38) од Скопје пријавил дека од домот се одделечила неговата ќерка Е.У.(19), која има здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 17.02.2025 во 18.50 часот на Граничен премин Богородица, полициски службеници од лицето Б.Ф.(34) од с.Огњанци, општина Петровец, одделе патничко возило „шкода" со скопски регистарски ознаки, сопственост на рента а кар компанија да тетовско. Имено, по преземени мерки и извршени проверки било констатирано дека возилото било барано од Полициското одделение Петровец и е предмет на кривично дело по член 239 од Кривичниот законик. Во врска со настанот, Б.Ф. изјавил дека како овластено лице на компанијата го презел возилото од полициска станица во Република Грција за што прилошил и документација на грчки јазик. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.02.2025 во 17.45 часот во СВР Куманово, Ф.Ј.(26) од Куманово пријавила дека во Соколански парк во Куманово, нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 17.02.2025 во 19.21 часот во СВР Велес, О.А.(59) од Велес пријави дека на ул.„А. Мишев" во Велес бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против А.П.(38) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојничка кражба". На 03.02.2025 во Штип, пријавениот со употреба на сила влегол во куќа во Штип, а откако бил затекнат од сопственикот, физички го нападнал него и го напуштил местото.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Д.(42) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 20.10.2024 во Скопје, пријавениот физички нападнал полициски службеници кои извршувале службени дејствија, при што употребил и тврди предмети.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Б.П.(46) од с.Оризари, кочанско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 12.12.2024 во Кочани, полициски службеници извршиле претрес во продажен објект на пријавениот, при што пронашле и одзеле поголема количина на пиротехнички средства.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице од Тетово и против сопственикот и управителот Ф.М.(34) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „повреда на права од индустриска сопственост и неовластено употреба на туѓа фирма", додека второпријавениот поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „повреда на права од индустриска сопственост и неовластено употреба на туѓа фирма". На 21.01.2025, при контрола во правниот субјект, бил затекнат второпријавениот Ф.М. и констатирано е дека се врши продажба на текстилна роба, односно тговски марки кои подлежат на заштита на тговска марка, а за кои истиот не поседувал соодветна дозвола.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Македонски Брод поднесе кривична пријава против Г.С.(44) од с.Грешница, општина Македонски Брод, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „кражба на дрва". На 30.01.2025 во атар на с.Грешница биле пронајдени бесправно исечени дрва, а по извршен службен разговор со пријавениот било констатирано дека тој е сторителот на кривичното дело.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.М.(60) од с.Романовце, кумановско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело кривично дело „употреба на исправа со невистинита содржина". На 01.12.2024 во Куманово, полициски службеници извршиле преглед на патничко возило "бмв" управувано од пријавениот, при што било констатирано дека регистарската табличка е од друго возило.

СВР Битола поднесе кривична пријава против М.С.(27) и Д.С.(48) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и „загрозување на сигурноста". На 15.02.2025 во Прилеп, пријавените нападнале полициски службеници кои извршувале службени дејствија.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Улет